**ТРКАЛЕЗНА МАСА**
**за претставување на Национална Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија**
**22 декември 2014 година**

На 22 декември 2014 година во организација на Управата за извршување на санкциите и Советот на Европа, во Хотел ТЦЦ Гранд Плаза во Скопје се одржа Тркалезна маса на која беше презентирана Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија заедно со Акционен План за нејзина реализација.

Изработката на Националната стратегија е дел од ИПА Проектот 2009 "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица". Националната Стратегија содржи 13 стратешки цели во рамките на кои се дефинирани голем број на активности за подобрување на повеќе области од пенитенцијарниот систем во државата кои ќе се реализираат во периодот од 2015 – 2019 година.

Процесот на изработка беше спроведен во периодот од септември 2013 до декември 2014 година и беше раководен од работна група формирана од претставници на Управата за извршување на санкциите со придонес на меѓународни експерти ангажирани од страна на Советот на Европа.

На Тркалезната маса учествуваа поширок круг на претставници од владини институции, меѓународни и домашни организации, како и експерти од областа на пенитенцијарниот систем во Република Македонија кои имаа можност да дадат свое мислење по однос на изработената Нацрт Национална Стратегија.

По одржаната јавна дебата, Националната Стратегија е испратена на мислење до сите релевантни институции кои ќе бидат вклучени во нејзина реализација, по што ќе биде доставена до Владата на Република Македонија за нејзино усвојување.